Врз основа на член 41 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/26), а во врска со членовите 16, 17 и 18 од Законот на младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 10/2020),

Локалниот младински совет на Општина Велес, на седницата одржана на 6 јули 2026 година, донесе:

# ДЕЛОВНИК
# за
# РАБОТА НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Деловник се уредува подготовката, начинот на работа и одлучувањето на Локалниот младински совет на Општина Велес (во понатамошниот текст: ЛМС на Општина Велес или ЛМС Велес).

## 2. КОНСТИТУИРАЊЕ НА ЛМС

### Член 2

Конституирањето на ЛМС се врши на првата (конститутивна) седница на Локалниот младински совет на Општина Велес.

Првата (конститутивна) седница ја отвора и води највозрасниот член на ЛМС.

На членовите на Локалниот младински совет им се доставуваат Одлуката за избор на членови на Локален младински совет на Општина Велес, донесена од Локалното собрание на млади на Општина Велес и Одлуката за верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес, донесена од Советот на Општина Велес.

Од своите редови, членовите на ЛМС Велес избираат претседател/ка и заменик-претседател/ка на ЛМС со јавно гласање.

Претседателот/ката и заменик-претседателот/ката се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на ЛМС, со мандат од две (2) години.

### Член 3

Право на пријавување на кандидати за функцијата претседател/ка и заменик-претседател/ка на ЛМС Велес има секој член на ЛМС Велес.

При предложувањето, кандидатот може да биде предложен од друг член на ЛМС или самиот/та тој/таа да се самопредложи.

Секој (само)предложен кандидат мора да биде поддржан од најмалку други тројца (3) членови на ЛМС Велес.

Во случај на повеќе (само)предложени кандидати за претседател/ка и заменик-претседател/ка на ЛМС, избран е кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на ЛМС.

Право на глас имаат сите членови на ЛМС Велес за секој од (само)предложените кандидати, освен при гласањето за самите себе.

Членовите на ЛМС, гласаат јавно, со кревање на рака, одделно за секој од (само)предложените кандидати.

**Член 4**

Доколку во првиот круг никој од кандидатите за претседател на ЛМС не го добил потребното мнозинство гласови, се пристапува кон втор круг на гласање за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најголем број гласови.

**Член 5**

Ако во првиот круг повеќе кандидати добиле ист број на гласови, заради што не може да се определат двајца кандидати што имаат најголем број на гласови, гласањето се повторува само за кандидатите што имаат ист број на гласови, со цел да се определат двајцата кандидати за кои ќе се гласа во вториот круг.

**Член 6**

Во постапката и начинот на гласање во вториот круг, со двајца кандидати, соодветно се применуваат одредбите од овој Деловник што се однесуваат на гласањето во првиот круг.

**Член 7**

Ако и по вториот круг ниту еден од двајцата кандидати не го добил потребниот број гласови тогаш се повторува постапката за избор на претседател на ЛМС.

**Член 8**

Постапката и начинот за избор и гласање за функцијата заменик-претседател на ЛМС Велес, е иста како и постапката и начинот за избор и гласање за функцијата претседател на ЛМС Велес.

## 3. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЛМС

**Член 9**

Претседателот/ката на ЛМС:

- Свикува седници и со нив претседава;
- Ги потпишува актите кои ги донесува ЛМС и се грижи за нивно спроведување;
- Ја обезбедува и ја насочува работата и дејствувањето на ЛМС согласно Законот за младинско учество и младински политики, Статутот на Општина Велес и Деловникот за работа на ЛМС;
- Презема мерки за спроведување на заклучоците на ЛМС;
- Се грижи за извршување на Програмата и плановите за работа на ЛМС;
- Одлучува за одржување на состаноци, советување во врска со разгледување прашања во надлежност на ЛМС.

**Член 10**

Претседателот/ката на ЛМС го/ја заменува заменик-претседателот/ката на ЛМС.

**Член 11**

Членовите на ЛМС имаат право и должност да:

- Присуствуваат на седниците на ЛМС, Локалното Собрание на млади и Советот на Општина Велес;

- Предлагаат одредени прашања и точки на Дневен ред на седниците на Советот на Општина Велес, кои се во надлежност на работата на ЛМС / кои се од интерес на младите и/или се дел од годишните Програми за работа на ЛМС Велес;
- Учествуваат во одлучувањето и да даваат иницијативи за работа на ЛМС;
- Даваат предлози и предложуваат иницијативи до Советот на Општина Велес и/или до Градоначалникот на Општина Велес;
- Бидат во тек и да учествуваат во подготовка на материјалите што ги донесува ЛМС;
- Учествуваат во работата на Комисиите на ЛМС и другите тела формирани од страна на ЛМС.

**Член 12**

Секој член на ЛМС има право да бара од Локалното собрание на млади и ЛМС да заземе став по прашање значајно за спроведување на активностите и политиката на ЛМС.

**Член 13**

Членот на ЛМС е одговорен за застапување и спроведување на ставовите на ЛМС, а при тоа е должен да ги извести членовите на ЛМС (претседателот/ката, заменик-претседателот/ката) и Службеникот за млади, за извршување на сите работи што му биле доверени.

**Член 14**

ЛМС може да формира постојани и повремени работни тела (Комисии) за потребите на своето делување, за потесни кругови на делување, за организирање форуми, трибини и работилници за поедини групи на млади и/или за прашања / теми / предизвици кои ги засегаат и се однесуваат на младите.

**Член 15**

Формираните постојани и/или повремени работни тела (Комисии) се обврзани да изготват Извештај за својата работа поврзана со активноста за која што биле формирани.

Подготвениот Извештај го потпишуваат сите членови на конкретната Комисија и архивиран го доставуваат до ЛМС Велес, како и до Службеникот за млади во Општина Велес.

**Член 16**

ЛМС води евиденција за присуство на членовите на секоја седница на ЛМС.

**Член 17**

Членот на ЛМС кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седницата, е должен благовремено да го извести претседателот/ката, најмалку еден ден пред одржувањето на седницата.

Ако некој член подолго време е спречен да присуствува на седници должен е да го/ја извести престедателот/ката и за тоа да побара посебно одобрение, за кое ЛМС посебно ќе одлучува во согласност со Статутот на општината / Одлуката за основање на ЛМС / Деловникот за работа на ЛМС.

**Член 18**

Советот на Општина Велес може да разреши член на Локалниот младински совет и пред истекот на мандатот, доколку тој/таа:

- наполни 30 години живот;
- неоправдано и континуирано отсуствува од седниците на ЛМС Велес;
- со правосилна судска пресуда е осуден/а на било каква казна затвор и/или
- поднесе лично барање за престанок на мандатот.

Советот на Општина Велес го разрешува членот на ЛМС Велес по претходно добиено известување од страна на претседателот/ката на ЛМС Велес.

**Член 19**

ЛМС Велес одлучува за престанок на мандат и може да разреши член на ЛМС Велес и пред истекот на мандатот во следните случаи:

- по претходно доставено лично Барање од членот на ЛМС Велес за престанок на мандатот;
- доколку членот на ЛМС Велес наполни 30 години живот;
- доколку неоправдано, континуирано и подолг временски период отсуствува од седниците на ЛМС Велес;
- доколку му/ѝ е изречена било каква правосилна судска пресуда.

Донесената Одлука / Решение на ЛМС Велес за престанок на мандатот, потпишана и архивирана, претседателот/ката ја доставува и го известува Советот на Општина Велес за понатамошно постапување по истата.

**Член 20**

По донесување на Одлуката / Решението за престанок на мандатот на член на ЛМС, од страна на ЛМС Велес, претседателот/ката ја доставува до Службеникот за млади во Општина Велес, кој пак ја доставува и известува Формата на младинско здружување и организирање која што го номинирала за свој претставник во ЛМС.

По добиената информација, истата Форма на младинско здружување и организирање предложува нов кандидат за член на ЛМС Велес, согласно законските одредби од Законот за младинско учество и младински политики.

Номинацијата на новопредложениот кандидат/ка за член во ЛМС ја разгледува ЛМС Велес на првата наредна седница на ЛМС Велес, по што го известува Советот на Општина Велес за настанатата промена, а согласно тоа, Советот на Општина Велес го разрешува стариот и го именува новиот кандидат за член на ЛМС Велес.

Мандатот на новоизбраниот член на ЛМС ќе трае до крајот на двегодишниот мандат на ЛМС Велес, со право на уште еден избор.

**Член 21**

Секој член на ЛМС може да биде отповикан / разрешен од вршење на функцијата записничар или заменик записничар (оверувач на записникот) или друга функција во телата (комисиите на ЛМС), од страна на ЛМС Велес, поради несоодветно однесување, неодговорно извршување на функцијата или поради сопствено барање со поднесување на барање за иземање од функцијата која му е доверена да ја извршува.

Членот на ЛМС кој го поднесува барањето за изземање од функцијата, истото го адресира и доставува до претседателот/ката на ЛМС Велес.

## 4. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

**Член 22**

ЛМС одржува седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеци.

По исклучок заради итноста за постапување по одделни активности претседателот/ката може да определи седницата да се одржи во пократок рок.

Покрај редовните седници, може да се одржуваат и вонредни седници, како и неформални состаноци.

За да може да се одржи една седница, таа треба да биде навремено свикана од претседателот/ката со покана и Дневен ред за работа.

Поканата за секоја седница и Дневниот ред се доставуваат однапред и навремено до секој член на ЛМС и до лицето задолжено за ЛМС од општината, односно до Службеникот/чката за млади најмалку три (3) дена пред одржувањето на седницата. Во предлогот на Дневниот ред, Претседателот/ката на ЛМС ги внесува сите прашања / точки / предлози / информации што до денот на свикувањето на седницата му/ѝ се доставени од страна на други предлагачи, односно се доставува целиот работен материјал за конкретната седница на ЛМС.

Ако Претседателот/ката не може или не сака да свика седница, тогаш седницата има можност да ја свикаат членовите на ЛМС, односно на предлог од најмалку 1/3 од членовите на Локалниот младински совет, со тоа што поканата со Дневниот ред и материјалите за работа ќе ги испратат навремено до секој член на ЛМС и до Службеникот/чката за млади.

Секоја седница се води според Дневен ред, кој се утврдува на почетокот на седницата на предлог на претседателот/ката. Предуслов да се одржи една седница е таа да има кворум, односно доволен број присутни членови. Кворумот е определен како мнозинство од вкупниот број на членови на ЛМС.

Доколку се утврди дека на седницата не присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на ЛМС, седницата не може да се одржи и претседателот/ката ја презакажува седницата, со писмено известување упатено до сите членови на ЛМС, притоа известувајќи го/ја и Службеникот/чката за млади.

За да се донесат одлуки за точките на Дневниот ред, се спроведува гласање, кое е поврзано со кворумот. Најчесто одлуките се носат со просто мнозинство (односно повеќе од половина гласови од присутните членови на седницата) или апсолутно мнозинство (повеќе од половина гласови од вкупниот број членови на ЛМС независно од присуството на седницата).

**Член 23**

За текот на работата на седниците на Локалниот младински совет се води Записник. Записникот ги содржи основните податоци за работата на седницата, односно информациите за разгледувањето на точките од Дневниот ред.

Записникот се доставува до членовите на ЛМС со Поканата за наредната седница.

Записникот го потпишуваат записничарот и двајцата заменик-записничари (оверувачите) на Записникот од седниците на ЛМС Велес, како и претседателот/ката на ЛМС Велес.

**Член 24**

Записникот се усвојува на почетокот на наредната седница. При усвојувањето на Записникот, секој член на ЛМС има право да стави забелешки на Записникот. За забелешките кои ќе се усвојуваат, се прави исправка на Записникот и се става на гласање на наредната седница.

## 5. НАЧИН НА РАБОТА

**Член 25**

Дневен ред на седница на Советот се утврдува на предлог на претседателот/ката на ЛМС на почетокот на седницата, со мнозинство гласови од присутните членови на ЛМС.

Секој член на ЛМС може на седницата да предложи:

- предложениот редослед на точките од Дневниот ред да се измени;
- некоја од предложените точки да се симне од Дневниот ред;
- Дневниот ред да се дополни со нова точка на Дневниот ред, но е должен да ја образложи итноста на тој предлог.

ЛМС со мнозинство гласови на присутните членови одлучува одделно за секој предлог, измена и дополнување на предложениот Дневен ред.

**Член 26**

За време на одржување на седница на ЛМС, никој не може да говори пред да побара и добие збор од претседателот/ката.

Пријавите за збор се поднесуваат откако ќе започне претресот по точката од Дневниот ред и можат да се поднесуваат сè до неговото завршување.

Претседателот/ката на ЛМС им дава збор на членовите на ЛМС според редоследот на пријавувањето за говор. Говорникот/чката кој/а сака да говори по вторпат може да добие збор по исцрпувањето на листата на пријавените кандидати.

Говорот по точка од Дневниот ред на член на ЛМС не може да трае подолго од три (3) минути.

Претседателот/ката ќе му даде збор на членот на ЛМС ако побара реплика за да го исправи наводот што е неточно изложен или што дал повод за недоразбирање или предизвикал потреба од лично објаснување и тоа откако ќе го заврши излагањето оној што ја предизвикал потребата од реплика.

Во својата реплика, која не може да трае подолго од три (3) минути, членот на ЛМС мора да се ограничи на исправката, односно на личното објаснување.

Членот на ЛМС кон кого е упатена репликата, има право на контрареплика, во траење од една (1) минута.

Членовите на ЛМС, правото на реплика и контрарепликата, можат да го користат само еднаш во текот на расправата по една точка од Дневниот ред.

**Член 27**

Седницата се одржува според усвоениот Дневен ред, а претседателот/ката е должен/на да отвора претрес по секоја од точките.

Претресот по определено прашање трае и се води сè додека по него има пријавени за збор.

Претседателот/ката го заклучува претресот откога ќе утврди дека повеќе нема пријавени за збор.

**Член 28**

Членовите на ЛМС гласаат на тој начин што се изјаснуваат „за" или „против" предлогот или „воздржан" од гласањето по точката од Дневниот ред.

Јавното гласање се врши со кревање на рака или со поименично усно изјаснување на секој од членовите на ЛМС поединечно.

Усното изјаснување на членовите на ЛМС се врши на начин што претседателот/ката јавно и поединечно ги прозива членовите на ЛМС по име и презиме, по азбучниот редослед согласно нивните презимиња, а тие јавно се изјаснуваат за начинот на кој гласаат.

Гласањето со кревање на рака се врши на тој начин што претседателот/ката ги повикува членовите на ЛМС најнапред да се изјаснат кои се „за" предлогот, потоа да се изјаснат кои се „против" предлогот и на крајот да се изјаснат тие што се „воздржани" од гласањето.

При констатирање на резултатот од гласањето, се потенцира бројот на присутни членови на седницата и бројот на членови кои гласале „за", „против" или „воздржан".

## 6. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЛМС

**Член 29**

ЛМС Велес донесува Одлука за усвојување на годишна Програма за работа на ЛМС Велес и истата ја доставува до Советот на Општина Велес за секоја календарска година.

Програмата за работа, ЛМС Велес ја донесува со мнозинство на гласови од присутните членови на ЛМС на седницата.

Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на Општина Велес најдоцна до 30 ноември во тековната година, а се однесува за следната година.

## 7. ФИНАНСИРАЊЕ И ПРОСТОР ЗА РАБОТА

**Член 30**

Општина Велес обезбедува финансиски средства за работа на ЛМС и простор за работа на ЛМС, согласно одредбите од Законот за младинско учество и младински политики.

Од Буџетот на Општина Велес се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на ЛМС согласно годишната Програма за работа на ЛМС Велес, но и за потребите за реализација на младинските политики на локално ниво, во генерална смисла на зборот.

**Член 31**

Членовите на ЛМС не добиваат финансиски надоместок за својата работа.

**Член 32**

За својата работа во тековната година, ЛМС има обврска да изготви годишен Извештај, кој го доставува до Локалното Собрание на млади, до Советот на Општина Велес, а по неговото усвојување го објавува и јавно на интернет страницата на Општина Велес.

Во годишниот Извештај се содржани информации за работата на ЛМС за изминатата календарска година.

## 8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 33**

Изменување и дополнување на овој Деловник ќе се врши на начин и постапка според кои се донесува.

**Член 34**

Со донесувањето на овој Деловник, престанува да важи Деловникот за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес (арх. бр. 11-700/19, од 17.03. 2023 година).

**Член 35**

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

Локален младински совет
на Општина Велес

Број 11-255/57
06. 07. 2026 година
Велес

**Доставено до:**
- Локален младински совет на Општина Велес;
- Службеник за млади и
- Списи и архива.